**20260150213**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 23 јануари 2026 година.

Бр. 08-525/1
23 јануари 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА

Член 1

Во Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 114/2006, 148/2008, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 294/21, 89/22, 160/25 и 258/25), во член 15 став 2 во точката 8) зборовите: „криминалистички вештачења“ се заменуваат со зборовите: „криминалистичко-технички работи“.

Член 2

Во членот 17 по зборовите: „за потребите на“ се додаваат зборовите: „Одделот за внатрешни работи - Скопје и“.

Член 3

Во член 20 во ставот 1 по зборот „формираат“ се додаваат зборовите: „Оддел за внатрешни работи - Скопје и“.

Во ставот 2 пред зборот „Секторите“ се додаваат зборовите: „Одделот за внатрешни работи - Скопје и“.

Во ставот 3 во воведната реченица пред зборот „Сектори“ се додаваат зборовите: „Оддел за внатрешни работи - Скопје и“.

Во точката 1) зборовите: „Сектор за внатрешни работи - Скопје“ се заменуваат со зборовите: „Оддел за внатрешни работи - Скопје“.

Член 4

Во член 21 во ставот 1 во воведната реченица по зборовите: „полициските работи,“ се додаваaат зборовите: „Одделот за внатрешни работи - Скопје и“

Член 5

Во член 22 во ставот 1 по зборот „Со“ се додаваат зборовите: „Одделот за внатрешни работи - Скопје и“.

Во ставот 2 по зборот „Началникот“ се додаваат зборовите: „на Одделот за внатрешни работи - Скопје и началникот“.

Во ставот 3 по зборот „Началникот“ се додаваат зборовите: „на Одделот за внатрешни работи - Скопје и началникот“.

Член 6

Во член 23 во ставот 1 по зборот „Во“ се додаваат зборовите: „Одделот за внатрешни работи - Скопје и“.

Член 7

Во членот 21 од Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 160/25), зборовите: „по девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон“ се заменуваат со зборовите: „од 1 јули 2026 година“.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јули 2026 година.